ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 9 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS 4 АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: јуни 2026 |
| Изготвил/-а: | Од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лексички единици:**<br><br>денови од неделата: *Monday, Tuesday, Wednesday, Thursday, Friday, Saturday, Sunday.*<br><br>*They have English classes on Monday. She has a football match on Wednesday.* | Составува куси искази кои ги содржат деновите од неделата во корелација со одредена училишна или слободна активност или хоби. | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 103** | ***Воведна активност***<br>За активирање на вокабуларот, наставникот ги прашува учениците кои денови од неделата ги знаат на англиски јазик. Потоа укажува дека сите денови завршуваат на зборот *day* и објаснува што значи тоа. Потоа извлекува одговор од учениците за тоа кој ден е денес, на пример: „It's Monday.“<br>***Главни активности стр 115***<br>Презентација на деновите во неделата.<br>Наставникот ги држи една по една флеш-картичките и го изговара зборот за целиот клас да го повтори. Активноста се повторува три до четири пати. Потоа наставникот повторно ги покажува флеш-картичките, но овојпат очекува учениците самостојно да ги кажат зборовите без негова помош.Потоа наставникот на таблата пишува „Days of the week“. Повикува ученици да излезат напред и да помогнат флеш-картичките да се постават по редослед, од Monday до Sunday.Изработка на картички.<br>***Завршна активност***<br>Наставникот ги распоредува флеш-картичките низ училницата. Учениците застануваат под својот омилен ден, според активноста во работната тетратка (вежба 2). Потоа наставникот на таблата црта столбест дијаграм за да прикаже колку ученици го одбрале секој ден.<br>***Рефлексија***<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дениот час. | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br>• Флеш-картички (flashcards)<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Дискусија (активно учество на час)<br><br>-изработка на картичка (картички со слика)<br><br>-чек листа |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во покажување и изговарање на зборовите), доволно е само да се илустрираат сликовните картички.<br>**Рефлексија**Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |

Евидентен лист пополнет на крај на часот од учениците –Чек листа

| СКАЛА НА ПРОЦЕНКА | | | СКАЛА НА ПРОЦЕНКА | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Моето учество во групата беше | | | Моето учество во групата беше | | |
| GOOD | OK | BAD | GOOD | OK | BAD |
| Составувам куси искази кои ги содржат деновите од неделата | | | Составувам куси искази кои ги содржат деновите од неделата | | |
| GOOD | OK | BAD | GOOD | OK | BAD |
| Каде треба да се подобрам | | | Каде треба да се подобрам | | |



resursi.literatura.mk

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 5 Free time 6 часа | Време за реализација: јуни 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јазични функции**:<br><br>искажување лични желби и интереси, хобија и слободни активности:<br><br>*A: My favourite sport is handball. / I want to become a famous football player.* | Учествува во дијалог преку поставување и/или одговарање на куси прашања поврзани со личните желби или интереси. | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 104** | ***Воведна активност***<br>Наставникот двапати пляска со дланките и го изговара денот „Tuesday". Учениците одговараат со два пляска и го изговараат следниот ден, „Wednesday". Со ритмичко пляскање и изговарање на деновите учениците продолжуваат додека не се вратат повторно до „Monday". Потоа наставникот повикува ученик да ја започне активноста одново, пляскајќи двапати и кажувајќи друг ден од неделата.<br>***Главни активности***<br>Наставникот на таблата ги запишува деновите од неделата. Под секој ден додава активност, на пример: Monday – *ride my pony*, Tuesday – *play football*, Wednesday – *go fishing*, Thursday – *play the piano*, Friday – *play football*, Saturday – *go swimming*, Sunday – *ride my bike*. Секоја нова активност ја претставува со мимика за полесно разбирање.Потоа наставникот покажува на таблата и изговара пример: „I ride my pony on Mondays." Учениците го повторуваат. Понатаму наставникот кажува ден, на пример: „On Wednesdays," а учениците одговараат: „I go fishing."<br>***Завршна активност***<br>Наставникот со мимика прикажува една од активностите, а учениците треба да погодуваат која е таа. Потоа учениците работат во парови – наизменично изведуваат мимики и погодуваат. | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Усни /писмени одговори (активно учество на час изработка на вежба) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Рефлексија***<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дадениот час.<br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br>**Инструмент за самооценување:** чек листа прилагодена од час број 1<br><br>**Диференцирана активност – "Пронајди и залепи" Преглед со поддршка:** Наставникот му го пушта на ученикот аудио материјалот, но со паузи, објаснува на едноставен јазик што се случува и покажува на сликите.<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? (5 минути) | | Следењето на напредок вклучува проверка дали ученикот го разбира исказот, препознава ликови и нови зборови |



resursi.literatura.mk

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 5 Free time 6 часа | Време за реализација: јуни 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:**<br><br>потврдни, прашални и одречни реченици од одреден број глаголи во сите лица во *Present Simple Tense;* | Прави разлика меѓу одреден број глаголски форми за прво и трето лице еднина во потврдни, прашални и одречни реченици во *Present Simple Tense*. | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 105** | ***Воведна активност***<br>Да се повторат активности за одмор – наставникот ги залепува флаш-картите за одмор околу ѕидовите на училницата. Го кажува примерот со *Let's* и една од активностите, на пр. *Let's paint a picture*, а учениците се движат кон соодветната флаш-карта.<br>***Главни активности стр 112***<br>Учениците ја гледаат сликата. Наставникот го повторува вокабуларот со поставување прашања, на пр. „Where are they?“, „Where's the kite?“, „Who's taking a photo?“, „Point to the sandcastle.“ Учениците ги наоѓаат своите налепници и ги сечат заедно со подлогата. Наставникот ги извлекува предметите (ice cream, shell, ball, boat, hat) и го поучува зборот *sand*.<br>***Завршна активност***<br>За да се даде практика на учениците во продуктивно говорење – во парови, учениците ги разгледуваат своите слики и кажуваат каде се налепниците, на пр. *The ball is on the sand.* Подобрите ученици можат да создадат дополнителни реченици, на пр. *He's flying a kite. She's taking a photo.* Клуч: *The boat is on the sea. The ice cream is in his / the boy's hand. The ball is on the sand. The hat is on the sandcastle. The shell is under the kite.*<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | Се набљудува дали учениците препознаваат , опишуваат и дали ги разбираат активностите. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Инструмент за самооценување:** чек листа<br>***Рефлексија***<br>**Диференцирана активност – Дневни рутини**<br><br>• **Послаби ученици:** Редат слики по редослед и ги именуваат со помош или повторување. Одговараат на прашања со избор.<br>• **Посилни ученици:** Мимираат и погодуваат зборови во парови, потоа пишуваат 3–4 реченици.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? (5 минути) | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 9 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS 4 АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 5 Free time 6 часа | Време за реализација: јуни 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лексички единици:**<br><br>колокации: *do my homework, take a photo/selfie, write a story, play (computer/video) games, play the piano/guitar, use a computer; finish a school project, read a book, send an email;* | Користи одреден број новоусвоени колокации за да ги опише училишните и слободните активности во усна и писмена форма. | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 106** | ***Воведна активност***<br>Наставникот го дели класот на седум групи, а секоја група го носи името на еден ден од неделата. Потоа ја пушта песната од претходниот час. Секоја група ја пее својата строфа што одговара на нивниот ден, а сите заедно го пеат рефренот.<br>***Главни активности***<br>Фокусирање на учениците врз граматичката форма. Наставникот ја пушта видеото со Penny the Penguin. Учениците прво гледаат и слушаат, а потоа гледаат и читаат.Потоа наставникот го пушта аудиото. Учениците следат во својата Student's Book, се вклучуваат со повторување и прават мимика за активноста прикажана во секое прашање.<br>Учениците се движат низ училницата, поставувајќи прашања за да најдат другари кои прават исти активности како нив.<br>***Завршна активност***<br>Повторување на редоследот на зборови во прашањата. Наставникот на таблата ја запишува една прашање од часот, но со измешан редослед на зборовите, и ги поттикнува учениците да го исправат и да ја состават прашањето правилно.<br>**Диференцирани активности:**<br><br>За ученици кои имаат потешкотии: наставникот црта полесни и познати активности и дава помош со првите букви или гестови.<br>За напредни ученици: тие самостојно цртаат активности на табла и ги водат прашањата со остатокот од класот. | Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | - Набљудување (Observation)<br><br>Проверка на тетратки<br><br>Усна проверка<br><br>Чек-листа |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |

## Чек-листа за следење на напредок

Име и презиме: _____________________

| Цел | Добро | Делумно | Треба поддршка |
|---|---|---|---|
| Знае да чита колокации | | | |
| Правилно користи колокации | | | |
| Знае да постави прашање | | | |
| Покажува разбирање при работа во пар | | | |



resursi.literatura.mk

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 5 Free time 6 часа | Време за реализација: јуни 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лексички единици:**<br><br>природно-географски карактеристики, природни ресурси и појави: *mountain, valley, hill, plain, river, lake, ocean, island, canyon, desert, sun, forest, woods, volcano, sunrise, sunset;* | Препознава значење на одреден број зборови за природно-географски карактеристики, природни појави, населени места, знаменитости и значајни објекти во слушнат или прочитан кус исказ и/или дијалог. | **1 час**<br><br>___.__.2026<br><br>**Час број 107** | ***Воведна активност***<br>Наставникот вели „We can go to different places on holiday. Where can we go?" и извлекува дестинации (на пр. beach, mountains, lake) и ги запишува на таблата. Потоа вели „On holiday, we can stay at … (home)" и извлекува активности што учениците ги прават кога се дома и на одмор, запишувајќи ги на таблата.<br><br>***Главни активности***<br>За да се претстават зборови за пејзажни елементи – наставникот ја пушта снимката, учениците слушаат и покажуваат на фотографиите (според сценариото во УБ стр. 114). Потоа ја пушта снимката повторно, учениците ја повторуваат, а наставникот ги прашува за имињата на пејзажните елементи во нивната околина (на пр. голем град, прекрасна плажа, планински венец) и, ако е можно, покажува слики.<br>***Завршна активност***<br><br>Во парови, учениците избираат едно од местата од сликите во УБ Активност 1 и прават листа на работи што може да се видат и прават таму. Потоа изработуваат леток за рекламирање на местото. Наставникот запишува пример на таблата, на пр. *Come to the mountains! You can go skiing. You can walk with your friends. You can see beautiful birds and* | табла со маркер, тетратки на учениците, устен диктат или флеш-картички (по избор) | Наставникот набљудува дали учениците правилно именуваат земји и националности, дали се вклучени во паровите, и дали користат целосни реченици. Дава насоки по потреба и на крајот проверува со неколку реченици кажани наглас од ученици.<br><br>Чек-листа |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *animals.*Потоа учениците ги изведуваат своите кратки драматизации пред класот.<br><br>**Диференцирани активности:** *Послаби ученици:* пополнување празни места<br>*Средно ниво:* составуваат реченици со дадени зборови<br>*Напредни ученици:* пишуваат кус текст<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |

## Чек-листа Име и презиме: ______________________________

| | | | Критериум |
|---|---|---|---|
| | | | Препознава значење на зборови за природно-географски карактеристики |
| | | | формира мисловна целина и |
| | | | Пишува точни реченици |
| | | | Користи правилна интерпункција и правопис |

= целосно совладано = делумно = не е совладано



resursi.literatura.mk

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 5 Free time 6 часа | Време за реализација: јуни 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јазични функции:** игра на зборови:<br><br>Who keeps the ocean clean?<br>- *The mer-maid.*<br>How do you throw a party in space?<br>- You planet.<br>Why was 6 so mad at 7?<br>*-Because 7 8 9.* | Препознава усвоена лексика во шега или игра со зборови, го толкува значењето и/или ја преведува шегата или играта со зборови. | 1 час<br><br>___.__.2026<br><br>**Час број 108** | ***Воведна активност***<br>Наставникот на таблата ги запишува речениците: *Where's the …? We're … . I've got an … . Wait and … . Here you are, … .* Потоа ги извлекува од учениците недостигачките зборови (*lake, lost, idea, see, Rabbit*) за да ги комплетираат речениците.<br>***Главни активности***<br>Наставникот им покажува дневник на учениците или црта еден на таблата и накратко дискутира за што служи дневникот (планирање на активности или пишување за тоа што сте го направиле). Се практикуваат деновите од неделата со класот. Се разгледува примерот од дневникот и се прашува, на пр. „What does she do on Tuesday?“ (Go to the beach). Наставникот го запишува на таблата *My perfect holiday* и го извлекува/објаснува значењето на зборот *perfect*. Учениците прават белешки за тоа каде е нивниот совршен одмор, како можат да стигнат таму и две или три работи што можат да ги прават.<br>***Завршна активност***<br><br>Why don't mountains get cold in winter?<br>– Because they wear snowcaps!<br><br>Why did the beach towel go to therapy?<br>– It had too many *wrinkles*!<br><br>What do you call a boat that never sinks?<br>– A *friendship* boat! | -<br><br>• Аудио-снимка од прикажаната<br><br>• Учебници на учениците | - Го следи разбирањето и вклученоста на учениците во активноста.<br><br>· Поттикнува самодоверба и ги охрабрува групите да настапат пред класот. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Why did the bicycle go on holiday?<br>– Because it needed a *wheel* break!<br><br>What do you pack for a holiday in the desert?<br>– *Sandwiches*!<br><br>Why did the suitcase apply for a job?<br>– It wanted to *carry* responsibility!<br><br>**Диференцирани активности:** *Послаби ученици:* пополнување празни места.**За посилните ученици**: ученикот-доброволец може да води играта „Please“ (*Please game*), наместо да дава едноставни инструкции.(На пример: *Stand up. Sit down. Please touch your head. Please open your book.* – каде што наставникот може да потенцира дека инструкцијата треба да се следи само ако ја содржи зборот „please“.)<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |



resursi.literatura.mk